Бр./Nr 12 - 2315/2
01.09 г./v. 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (Државната комисија) на 37-та седница одржана на ден 24 Август 2020 година ја донесе следната :

## О д л у к а

Пријавата бр. 12-2315/1 од 02.07.2020 година, поднесена од -------------------------------- од ----------------, ---------------------------------- против службените лица ------------------------------------- и ------------------------------------, со сомневања за прекршување на одредбите од членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на одредбата од членот од 8-а од Изборниот законик СЕ ОТФРЛА.

Сомневањата за прекршување на одредбата од членот 34 став од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот од 8-а од Изборниот законик СЕ НЕОСНОВАНИ и согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2315 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2315/1 од 02.07.2020 година.

Предметот со број 12-2315 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2315 од 2020 година е оформен врз основа на пријава бр. 12- 2315/1 од 02.07.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата по електронска пошта - од познат подносител, ------------------- од -------------------, ------------------------ со наводи за прекршувања на забраните од член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а од Изборниот законик во период на изборен процес. Имено, во пријавата е наведено дека во периодот на изборниот процес, т.е. од денот на донесувањето на одлуката за распишување на предвремените избори за пратеници до денот на завршувањето на изборот за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот на Владата на Република Северна Македонија, односно за време на изборната кампања е сторено грубо кршење на одредбите од член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а од Изборниот законик, со донесување на ------------------- во изборна кампања, поради што подносителот бара Државната комисија за спречување на корупцијата да покрене постапка и да преземе мерки на казнена одговорност на службените лица --------------------------------- и ---------------------------------------------------.

Според подносителот на пријавата посочените лица се одговорни за донесување на ------------------------- и последователно на тоа и склучување -----------------------.

Со една ---------------------- воспоставена е --------------------------------- за ------------------------------- при што -------------------------- во остварувањето на ------------------------------------. Со ---------------------- се ---------------------------------------------------------------, а ќе се применува по завршување на парламентарните избори 2020 година.

Втората ----------------------- на која се повикува подносителот, се однесува на ---------------------------------- при што, согласно со ------------------------------. Со ----------------------------------------- се определува -------------------------------------------------, а ќе се применува по завршувањето на парламентарните избори во 2020 година.

-------------------- како што потенцира подносителот се донесени од ----------------------, па оттаму го наметнува прашањето зошто истите биле/се ------------------------------, кога такви ---------------------------. За подносителот пораката која се испраќа до избирачите , а и целта е јасна :да се влијае на гласачите во изборна кампања да гласаат за партиите на власт, кои имаат ---------------------------------------, со искористување на положбата, спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

При разгледувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и при тоа оцени дека се тие неосновани и дека се темелат на пошироко толкување и интерпретирање на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на Изборниот законик кои се однесуваат на забрането постапување на државни органи, органи на локалната самоуправа, јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал во период на изборен процес. Имено, Државната комисија констатира дека во конкретниот случај дејствијата на -------------------------- на конкретните ----------------- од страна --------------------------------, нивното -------------------------------- и последователно на тоа --------------------------- не претставува и не може да се подведе и да се поистовети со забраните од член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а од Изборниот законик предвидени за период на изборен процес, така што во конкретниот случај не се работи за "започнување изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година". С-------------------------------,----------------------------------- не постапиле спротивно на член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а од Изборниот законик според кои: "Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, *не може да започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година*; да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, ниту да се отуѓува државен капитал, ниту да се потпишуваат колективни договори и да се започне постапка за

вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи".

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи да се донесе Одлука како во диспозитивот.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 24 Август 2020 година под бр. 12- 2315/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Христина Мишевска, Советник
Одобрил : Катица Николовска, Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносителот